Република Северна Македонија
Државен Инспекторат за
животна средина
и просторно планирање

Republika e Maqedonisë së Veriut
Inspektorati Shtetëror i
Mjedisit Jetësor

ИП1 15-36
Дата:09.02.2023год.
Скопје

Република Северна
Македонија
Државен Инспекторат за
животна средина

ул. Павел Шатев бр.2,
Пети спрат,
Палата Емануел Чучков
1000 Скопје,
Република Северна Македонија

Тел
Е-пошта: a.petrovska@sei.gov.mk
Сајт: www.sei.gov.mk

Inspektorati Shtetëror i
Mjedisit Jetësor

Rr. Pavel Shatev, nr.2
Kati i pestë
Palati Emanuel Çuçkov
1000 Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

Tel.
Posta–E a.petrovska@ sei.gov.mk
Web. www.sei.gov.mk

Државниот Инспекторат за животна средина преку Хусни Тачи, со службена легитимација број 06-0020, изврши редовен инспекциски надзор во ЈПДКО ДРИСЛА Скопје, со седиште на бул. Илинден бб Скопје, Центар, застапувано од Александар Кузинаков, В.Д. Директор на ЈП. ДКО ДРИСЛА Скопје и со Записник бр. ИП1 15-36 од 08.02.2023 година, утврди недостатоци и врз основа на член 200 од Закон за животна средина, ( Сл.весник на Р.М.бр 53/2005, 89/2022) донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**СЕ ЗАБРАНУВА работата на печката за согорување** на ЈПДКО ДРИСЛА Скопје, со седиште на бул. Илинден бб, Скопје, Центар, застапувано од Александар Кузинаков, В.Д. Директор и веднаш по приемот на ова решение да ги отстрани недостатоците утврдени со записникот бр. ИП1 15-36 од 08.02.2023 година и тоа:

1. Му се забранува да врши согорување на отпад во печка со исклучок на доверливи и класифицирани документи и материјали примени од разни институциии кои треба веднаш по приемот да се уништуваат.
   Рок: 90 (деведесет )дена.
2. Се задолжува при ставање во функцина на печката заради согорување на доверливи и класифицирани документи и материјали примени од разни институциии кои треба веднаш по приемот да се уништуваат да изврши мониторин на емисиите во воздух од оџакот на печката.
3. Субјектот на инспекцискиот надзор од точките 1 и 2 на ова решение, е должен веднаш по истекот на рокот определен за извршување на инспекциската мерка, а најдоцна во рок од три дена писмено и/или по електронска пошта да го извести инспекторот дали се извршени инспекциските мерки.
4. Доколку субјектот од точка (1) не постапи согласно со решението на државниот инспектор за животна средина и не ги отстранат причините за настанатата состојба утврдени со решението, државниот инспектор за животна средина ќе подне соодветно барање пред надлежниот орган или суд, согласно член 200 став 4;

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Државниот Инспекторат за животна средина на ден 08.02.2023 година изврши редовен инспекциски надзор на ЈПДКО ДРИСЛА Скопје, лоцирана во с. Батинци општина Студеничани, при што се изготви Записник за констатација со бр. ИП1 15-36. Од увидот се констатира дека:
Правниот субјект врши редовно депонирање на комуналниот отпад кој се носи од општините на територијата на Град Скопје и од други локални општини приемот на комуналниот отпад се врши согласно законската регулатива и условите во А- интегрината еколошка дозвола.
Мединцинскиот отпад редовно се прима од ЈЗУ и ПЗУ согласно договорите со здраствените установи и истиот се стерилизира во автоклавот кој потоа се депонира во депонијата како комунален отпад како неопасен отпад.
При увидот се констатираше дека ЈПДКО ДРИСЛА Скопје согласно А- интегрирната еколошка дозвола има обврска да изврши континуиран мониторинг на емисиите кои се испуштат во воздухот од согорувањето на

отпадот во печката. ЈПДКО ДРИСЛА Скопје не врши континуиран мониторинг согласно дозволата туку еднаш во месецот кога печката работи. При увидот печката не беше во работен режим поради тоа што не биле собрани доволни количини на отпад што се согоруваат во печката.

Согласно овластувањата што произлегуваат од Законот за животна средина во врска со член 200 став 1 точка 15 се донесе Решение како во диспозитивот.

Доколку во определениот рок не постапи по ова решение, Државниот инспектор за животна средина ќе поднесе барање за поведување на прекршочна постапка, согласно член 200 став 4 од Законот за животна средина (Сл. весник на Р.М. бр:53/2005,81/2005,24/2007,159/2008,83/2009,48/2010,51/2011,123/12,..129/15, 39/16, 99/18 и 89/2022).

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО:**

Против ова решение може да се поднесе жалба до Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекциски надзор и прекршочна постапка во рок од 15 дена од приемот на решението.

Жалбата се таксира со 250,00(двестаипедесет)денари административни таксени марки.

Решено во Државен инспекторат за животна средина -канцеларија во Скопје под бр. ИП-1 15-36 на ден 09.02.2023 година.

ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОР
ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
Хусни Тачи, Главен инспектор

Доставено до:
-Архива,
- ЈПДКО ДРИСЛА Скопје, с. Батинци, Студеничани

Република Северна Македонија
**Државен Инспекторат за животна средина**

ул. Павел Шатев бр.2,
Пети спрат,
Палата Емануел Чучков
1000 Скопје,
Република Северна Македонија

Тел
Е-пошта: a.petrovska@sei.gov.mk
Сајт: www. sei.gov.mk

**Inspektorati Shtetëror i Mjedisit Jetësor**

Rr. Pavel Shatev, nr.2
Kati i pestë
Palati Emanuel Çuçkov
1000 Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

Tel.
Posta–E a.petrovska@ sei.gov.mk
Web. www.sei.gov.mk